Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## NOKIA LUXURY



"Nokia" претстави дел од своите нови премиум мобилни телефони наменети за пребирливите корисници. Новите Nokia 8800 Arte и Sapphire Arte доаѓаат со луксузна дополнителна опрема, односно кожна футрола, елегантни Bluetooth слушалки (BH-803) и посебна "база" за на маса. Сепак, адутите на овие модели се употреба на најсовршените материјали, и софистициран и минималистички дизајн.

Во поглед на функционалноста, овозможено е сурфање со голема брзина (3G), поседува 1GB вградена меморија, 3.2mp автофокус камера, MicroUSB конекција, а кућиштето и екранот се "отпорни" на отпечатоци.

На крај, најавената цена за 8800 Arte ќе изнесува 1.000 евра, додека 8800 Sapphire Arte ќе чини 1.150 евра!

## SONY ERISSON T650I



Во однос на дизајнот и на кућиштето, за разлика од своите претходници, новиот T650i има многу елементи од метал. Всушност, целата горна половина на кућиштето е направена од метал, кој дава многу необично и несекојдневно чувство кога се држи в рака. Распоредот на тежината е целосно спротивен од оној на кој сме навикнале да го има кај повеќето мобилни телефони. Имено, за разлика од останатите мобилни телефони, батеријата се наоѓа позади екранот и во комбинација со горните метални делови ја концентрира тежината на горниот дел од телефонот. Екранот на T650i е пријатно изненадување. Благодарение на високата резолуција, во комбинација со добриот контраст и боите, веруваме дека ќе ги задоволи и оние најпребирливите.

